Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (,,Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14 ,44/15 и 193/15), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 27.04.2017 година го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви: 109856, 109894, 107088, 109199, 109943, 107131 и 107899 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП Оператор ДОО Скопје со адреса на ул.Филип Втори Македонски бр.3 ДЦ/Соравија -8-ми кат Скопје на негово барање.

II

Одобренијата за користење на радиофреквенции од точка I на ова Решение престануваат да важат заклучно со 27.04.2017 година.

III

Ова решение е конечно

### Образложение

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 109856, 109894, 107088, 109199, 109943, 107131 и 107899 на ОНЕ.ВИП Оператор ДОО Скопје со адреса на ул.Филип Втори Македонски бр.3 ДЦ/Соравија -8-ми кат.

На 25.04.2017 година ОНЕ.ВИП Оператор ДОО Скопје , достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведените одобренија со број уп1-бр.0802-684.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14,44/15 и 193/15), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-684
Скопје,02.05.2017

Изготвил,
Александар Панчевски
27.04.2017

Раководител на Одделение за фиксна и мобилна служба:
Радка Шекутковска

Раководител на Сектор за радиокомуникации
Јане Јакимовски

**По овластување на Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство

АЕК-751-301.12/Изм.01

www.aek.mk
ул. Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел. 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk